ОПШТИНА КАРПОШ
ГРАДОНАЧАЛНИК

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Врз основа на Член 22, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/2002), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2024 година и Едногодишниот краток Акционен план за спроведување на мерки и активности дефинирани со ЛЕАП 2 (Локален Еколошки Акционен План) за 2024 година бр. 09-4755/15 од 01.07.2024 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 14/2024 од 08.07.2024 година), Општина Карпош објавува:

# ЈАВЕН ОГЛАС

## **Награда за најголемо количество произведен компост во општинските основни училишта на територијата на Општина Карпош во 2024 година**

1. Право на учество

Право на учество на јавниот оглас имаат сите општински основни училишта на територијата на Општина Карпош.

2. Општи услови за учество на општинските основни училишта во Општина Карпош

Секое училиште собира органски отпадоци од растително потекло (лушпи и остатоци од овошје и зеленчук, талог од кафе, вреќички од чај), лушпи од јајца, остатоци од леб, како и останат биоотпад (кора од дрвја, пилевина и слично).
Органските отпадоци и биоотпадот се ставаат во компостарите кое секое од училиштата ги има добиено од Општина Карпош.
Периодично отпадот во компостарите се провртува со рачката за да се промеша. За 4 до 5 недели се добива произведен органски компост.
Целта на производството на компост е да се овозможи зголемување на еколошка свест и грижа за животната средина, а воедно да се намали количината на отпад. Ќе го зголеми знаењето за правилна селекција на отпадот и негово понатамошно користење. Ќе поттикне зголемување на мотивираноста за селекција на отпадот, производство на компост и можност за негово искористување во озеленување на училишните дворови.

*ул. Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -901, 3055-902*
*www.karpos.gov.mk; gradonacalnik@karpos.gov.mk*

3. **Критериуми за доделување на награди на најголемо количество произведен компост на општинските основни училишта**

| Критериуми | Бодови |
|---|---|
| 1. Количина на произведен компост | 50 |
| 2. Квалитет на произведен компост (состав на органски материи од кои е произведен компостот) | 30 |
| 3. Време на произведен компост (временски период на добиен на компост) | 20 |
| Вкупно бодови (1+2+3) | 100 |

4. **Висина на награди**

Оваа активност ќе биде финансирана од Буџетот на Општина Карпош, Секторот за екологија и енергетска ефикасност, во висина од 65.000 денари, согласно со Акцискиот план за 2024 година.

I место - 30.000 денари
II место - 20.000 денари
III место - 15.000 денари

5. **Начин на пријавување**

Општинските основни училишта на територија на Општина Карпош треба да достават:

1. Пополнета апликација за пријава на училиштето
2. Фотографии од производството на компостот во компостарите (една или повеќе)
3. Пропратно писмо

6. **Рок за поднесување на документи**

**Рокот за пријавување на јавниот оглас е до 20.12.2024 година до 15:30 часот.**

Пријавата со целокупната документација треба да се достави:

- во Архивата на Општина Карпош (ул. „Радика“ бр. 9, барака 2 од 07:30 до 15:30 часот) во затворен плик,

  или

- електронски на следниве е-маил адреси:

  marina.filiposka@karpos.gov.mk
  jovan.cvetanoski@karpos.gov.mk

со назнака „Комисија за доделување на награди за најголемо количество произведен компост во општинските основни училишта на територијата на Општина Карпош“

Пријавите со непотполна документација или пријавите доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат.

ОПШТИНА КАРПОШ
Комисија за реализирање на активности од областа на екологија и енергетска ефикасност за Награда за најголемо количество произведен компост во општинските основни училишта

# АПЛИКАЦИЈА

за општинските основни училишта на Општина Карпош за јавен оглас на тема „Награда за најголемо количество произведен компост во општинските основни училишта на територијата на Општина Карпош во 2024 година“

| | |
|---|---|
| Име на основното училиште кое се пријавува за учество на јавниот повик | |
| Контакт лице од одговорно лице за апликацијата | |
| Контакт телефон на одговорно лице за апликацијата | |
| Е-маил адреса на одговорно лице за апликацијата | |
| Работна позиција на одговорното лице кое ја пополнува апликацијата | |
| Број на деца во училиштето во 2024/2025 година | |
| Број на наставен кадар во училиштето во 2024/2025 година | |
| Датум на почеток на користење на компостарите и производство на компост | |

Потпис и печат
од одговорно лице